# З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

**(Службен весник на СРМ, бр.52 од август 1991 г.)**

Член 1

Во Законот за цивилните инвалиди од војната ("Службен весник на СРМ", број 33/76, 25/79, 11/81, 4/85, 12/89 и 17/91) во членот 9 став 1 зборот: "Социјалистичка" се се брише.

Член 2

Член 11 се менува и гласи:

"Цивилен инвалид од војната, кој не е здравствено осигуран по друг основ, има право на здравствена заштита според прописите за здравствена заштита и здравствено осигурување."

Член 3

Член 12 се менува и гласи:

За цивилниот инвалид од војата, кој не е здравствено осигуран по друг основ, Центарот за социјална работа поднесува пријава за здравствено осигурување во Фондот за здравствено осигурување.

Средствата за придонес за здравствено осигурување на цивилните инвалиди од војната од став 1 на овој член се обезбедуват во Републичкиот буџет ".

Член 4

Членовите 13, 14 и 16 се бришат.

Член 5

Во член 19 по зборот "буџет" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".